БОСИЛОВО

# Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр. 03-607/9
18.03.2025 година

Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание за млади на општина Босилово врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики(Сл.весник на РСМ бр.10/2020) и член ---од Статутот на општина Босилово распишува

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ**

1.Со овој јавен повик општина Босилово **ГИ ПОВИКУВА** сите младински организации,политички подмладоци,ученичките и студентските организации и другите облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на општина Босилово,а кои ќе ги исполнат следните критериуми:

**-да имаат активности на територијата на општина Босилово,**
**-да се основани и активни најмалку 6(шест)месеци пред отворањето на овој повик,**
**-номинираните делегат и заменик делегат да се жители на општина Босилово и да се на возраст од 15 до 29 години.**

**<u>Задолжителни документи кои се доставуваат:</u>**

**1.Портфолио за работа на организацијата**
**2.Мотивациско писмо од организацијата за учество во Локалното собрание на млади,**
**3.Годишен извештај за работа на организацијата за претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во општина Босилово,**
**4.Пријава со номинација на делегат и заменик делегат со контакт детали за претставниците,**
**5.Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице,**
**6.Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата за делегат и заменик делегат во Локалното Собрание за млади.**

**<u>Начин на пријавување</u>**

Сите заинтересирани организации/групи/здруженија кои ги исполнуваат критериумите потребно е потребните документи да ги достават во печатена форма во Архивот на општина Босилово со назнака **<u>“ Апликација за членство во Собранието на Советот на млади</u>“** секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.

**Рок на пријавување**

Рокот на пријавување на Јавниот повик изнесува 7(седум) работни денови ,сметано од денот на објавување на повикот на ВЕБ страната на општина Босилово.

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално Собрание за млади заедно со службеникот за млади во општина Босилово со цел избор на Локалниот младински совет при општина Босилово.

Лица за контакт:

-Катерина Стојков-службеник за млади тел.078 727 460
- Атанас Карабичаков тел.070 303 799
-Мариче Кармазичева тел.075 665 816
- Јасна Василева тел.071 307 887

**Иницијаивен одбор за конституирање**
**на Локално Собрание за млади на општина Босилово**

**1.Драгана Димова**______________
**2.Софија Стоилкова** ______________
**3.Славе Панов**______________
**4.Михаил Гавровски** ______________
**5.Радка Терзиева** ______________